# Употреба на голема почетна буква

1. **Задача:** При пишувањето на текстот не е употребена голема почетна буква. Таму каде што сметаш дека треба да стои голема почетна буква, врз малата, напиши ја големата буква.

мојата најдобра другарка

мојата најдобра другарка се вика сара симоновска. таа е родена во валандово. минатата година се досели во охрид и сега живее во мојот роден град.

со сара се запознавме оваа пролет на брегот од охридското езеро. таа беше на прошетка со своите родители. дуваше ветре кое и ја однесе панделката. јас ја дофатив панделката и ѝ ја вратив. така се запознавме со сара.

од тогаш сме неразделни. сара симоновска е мојата најдобра другарка.

2. Препиши го текстот правилно! (внимавај на големите почетни букви)